**20181883412**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 17 ставови (3) и (4) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.10.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МРЕЖАТА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ**

Член 1

Во Уредбата за мрежата на здравствени установи („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/12, 169/13, 21/14, 90/14, 161/14, 2/16, 144/16, 187/16 и 223/16), Табелата број 5 се заменува со нова Табела број 5, која е дадена во прилог и е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Во Табела број 6. „Мрежа на медицинско биохемиски лаборатории во дејноста лабораториска дијагностика на ниво на примарна здравствена заштита“, во дел V СКОПСКИ РЕГИОН, во реден број 4, во колоната 6 - Максимален број, бројот „3“ се заменува со бројот „5“, и во реден број 5, во колоната 6 - Максимален број, бројот „4“ се заменува со бројот „6“.

Во дел VI ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН, во реден број 7, во колоната 6 - Максимален број, бројот „4“ се заменува со бројот „10“.

Во дел VII ПОЛОШКИ РЕГИОН, во реден број 1, во колоната 6 - Максимален број, бројот „5“ се заменува со бројот „8“.

Член 3

Во Табелата број 9. „Мрежа на дејности во општи и клинички болници во секундарна здравствена заштита по региони со капацитети“ насловот на табелата се менува и гласи: „Мрежа на дејности во општи болници, општи болници со проширена дејност и клинички болници, во секундарна здравствена заштита, по региони, со капацитети“.

Во дел II ВАРДАРСКИ РЕГИОН, во редниот број 6 зборовите „Општа болница - Кавадарци“ се заменуваат со зборовите „Општа болница со проширена дејност - Кавадарци“.

Во дел IV ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН, во редниот број 12 зборовите „Општа болница - Дебар“ се заменуваат со зборовите „Општа болница со проширена дејност - Дебар“.

Во дел VI ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН, во редниот број 31 зборовите „Општа Болница - Гевгелија“ се заменуваат со зборовите „Општа болница со проширена дејност - Гевгелија“.

Во дел VIII ИСТОЧЕН РЕГИОН, во редниот број 37 зборовите „Општа Болница - Кочани“ се заменуваат со зборовите „Општа болница со проширена дејност - Кочани“.

Член 4

Во Табелата број 13. „Мрежа на здравствени установи/дејности на ниво на Република Македонија“, на крајот на табелата се додава нов ред, кој гласи:

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-8599/1
9 октомври 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**Табела број 5. Мрежа на Здравствени домови**

| Ред. Бр. | | Статистички регион | | Население вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| I | | ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН | | 234.137 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ БИТОЛА | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ДЕМИР ХИСАР | |
| | 3 | | ЗДРАВСТЕН ДОМ КРУШЕВО | |
| | 4 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ РЕСЕН | |
| | 5 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ПРИЛЕП | |
| II | | ВАРДАРСКИ РЕГИОН | | 133.106 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ НЕГОТИНО | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕЛЕС | |
| III | | СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН | | 175.045 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ КРАТОВО | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ КРИВА ПАЛАНКА | |
| | 3 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ КУМАНОВО | |
| | 4 | | ЗДРАВСТВЕНА СТАНИЦА С.ЛИПКОВО | |
| IV | | ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН | | 221.855 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕВЧАНИ | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ МАКЕДОНСКИ БРОД | |
| | 3 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ КИЧЕВО | |
| | 4 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ОХРИД | |
| | 5 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ СТРУГА | |
| V | | СКОПСКИ РЕГИОН | | 619.718 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ | |
| VI | | ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН | | 172.858 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВАЛАНДОВО | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ СТРУМИЦА | |
| | 3 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ РАДОВИШ | |
| VII | | ПОЛОШКИ РЕГИОН | | 314.804 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ГОСТИВАР | |
| | 2 | | ЗДАВСТВЕН ДОМ ДР РУСЕ БОШКОВСКИ - РОСТУШЕ | |
| | 3 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ТЕТОВО | |
| VIII | | ИСТОЧЕН РЕГИОН | | 200.522 |
| | 1 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ПЕХЧЕВО | |
| | 2 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ДЕЛЧЕВО | |
| | 3 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ СВЕТИ НИКОЛЕ | |
| | 4 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ПРОБИШТИП | |
| | 5 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВИНИЦА | |
| | 6 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ ШТИП | |
| | 7 | | ЗДРАВСТВЕН ДОМ БЕРОВО | |